# IS INTERNATIONAL HUMANITARIAN LAW LOSING ITS ROLE IN THE MILITARY CONFLICTS OF THE 21ST CENTURY?

**Liljana Jonoski**
Law Faculty-Kicevo, University St. Kliment Ohridski, Bitola, North Macedonia,
liljana.jonoski@gmail.com

**Abstract:** Although the Geneva Conventions were adopted in 1949, humanity has experienced an alarming number of armed conflicts on almost all continents. During that period, the four adopted Geneva Conventions as well as the Additional Protocols from 1977 provide legal protection for persons who do not participate or who have stopped directly participating in hostilities (civilians, wounded, sick, etc.). But despite the legal protection provided in this way, we have witnessed in the last two armed conflicts in Ukraine and Palestine that there are numerous violations of such agreements that resulted in suffering and numerous human losses that could have been avoided if the principles of international humanitarian law were respected. What also prevails as an opinion when international regulation is observed is that infringements of international rules and principles of action do not result from their inadequacy or because they are inappropriate but from the lack of will, insufficient means to ensure their application, ambiguities regarding their application in certain circumstances, as well as the lack of awareness of the necessary need for their application among political leaders, military commanders and the wider public. The previously stated often applies also to other areas of the regulation of international relations, but the difference in relation of failure to comply with the legal regulation in these areas (for example international business law) and failure to comply with international military and humanitarian law is paid with human lives and suffering. What are the most common violations of international humanitarian law and what consequences do such violations cause is the purpose of the research presented in this paper, but also providing answers and recommendations on how to "force" states even in military conflicts to respect and protect basic human rights of civilians. This will also help in a creation of usable knowledge and values that should be respected and practiced in every single military conflict. In the part of the methodology, the paper was prepared based on an extensive analysis of the basic rules and principles of international humanitarian law and how they are respected in the latest military conflicts that have engulfed the world. Through the research, one of the findings that is defined is that the implementation of the principles of the international humanitarian law countries often refer to ratification, so on the one hand, for example, the Geneva Conventions are universally accepted by all countries, but the same cannot be said for Additional Protocols, so they, by not acceding to ratification, the states consider that they have no legal obligation to implement them. Also, one of the insights or conclusions to which the paper refers is that international humanitarian law still contains customary rules that should be respected in any conflict, and which are based on the principle of protection of basic human rights and freedoms and which in any case should be respected and applied regardless of whether the states are in military conflicts or are in peace, especially today in the 21st century regarding the level of development of international relations. Strengthening the role of the International Criminal Court in the direction of creating an international practice that will prevent violations of international humanitarian and military law and the creation of new crimes against humanity is also one of the recommendations that should strengthen the system of application of the principles and the rules of international regulations in military conflicts.
**Keywords**: International humanitarian law, military law, conflicts, human rights

# ЈА ГУБИ ЛИ УЛОГАТА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО ВО ВОЕНИТЕ КОНФЛИКТИ ОД 21-ВИОТ ВЕК?

**Лилјана Јоноски**
Правен факултет-Кичево, Универзитет Св. Климент Охридски, Битола, РС Македонија,
liljana.jonoski@gmail.com

**Апстракт:** Иако уште во 1949 година се донесени Женевските конвенции човештвото доживеа алармантен број вооружени конфликти речиси на сите континенти. Во тој период четирите донесени Женевски конвенции како и Дополнителните протоколи од 1977 година предвидуваат правна заштита на лицата кои што не учествуваат или кои престанале директно да учествуваат во непријателствата (цивили, ранети, болни итн.). Но, и покрај вака предвидената правна заштита сведоци сме во последните два вооружени конфликти во Украина и Палестина дека има бројни повреди на ваквите договори што резултираа со страдања и бројни

човечки загуби кои што можеа да бидат и избегнати доколку се почитуваат принципите на меѓународното хуманитарно право. Она што исто така преовладува како мислење кога говориме за меѓународната регулатива е дека повредите на меѓународните правила и принципи на делување не произлегува од несоодветноста и неадекватноста на правилата и принципите туку од немањето на волја, недоволните средства за обезбедување на нивната примена, нејаснотиите во врска со нивната примена во определени околности, како и недостигот на свест за неопходната потреба од нивна примена кај политичките лидери, воените команданти и општата јавност. Претходно искажаното често пати важи и за други делови од регулирањето на меѓународните односи, но разликата во однос на почитувањето на останатата правна регулатива и меѓународното воено и хуманитарно право е во тоа што непочитувањето на правилата во меѓународните воени конфликти се плаќа со човечки животи и страдања. Кои се најчестите повреди на меѓународното хуманитарно право и какви последици предизвикуваат ваквите повреди е целта на истражувањето претставено во овој труд, но и давањето на одговори и препораки како да се "натераат" државите дури и во воените конфликти да ги почитуваат и штитат основните човекови права на цивилите, а во насока на создавање на употребливо знаење и вредности кои што треба и да се почитуваат и да се практикуваат во секој еден воен конфликт. Во делот на методологијата, трудот е изработен врз основа на опсежна анализа на основните правила и принципи на меѓународното хуманитарно право и колку истите се почитуваат во најновите воени конфликти од кои што е зафатен светот. Преку истражувањето се доаѓа до сознанието дека државите често пати се повикуваат и на ратификацијата, па така од една страна на пример, Женевските конфенции се универзално прифатени од сите држави, но тоа не може да се каже и за Дополнителни протоколи, па тие со непристапувањето кон ратификацијата државите сметаат дека немаат правна обврска истите да ги почитуваат. Исто така едно од сознанијата или заклучоците на кои што упатува трудот е дека меѓународното хуманитарно право сепак содржи обичајни правила кои што треба да се почитуваат во секој конфликт, а кои што се базираат на принципот на заштита на основните човекови права и слободи и кои што во секој случај треба да се почитуваат и применуваат без оглед на тоа дали државите се наоѓаат во воени конфликти или се во услови на мир, особено денес во 21-виот век и степенот на развиеност на меѓународните односи. Зајакнувањето на улогата на Меѓународниот кривичен суд во насока на создавање на меѓународна пракса која што ќе ги спречува повредите на меѓународното хуманитарно и воено право и создавањето на нови злосторства против човештвото е исто така една од препораките кои што треба да го зацврстат системот на примена на принципите и правилата на меѓународните регулативи во воените конфликти.

**Клучни зборови**: Меѓународно хуманитарно право, воено право, конфликти, човекови права

## 1. ВОВЕД

Меѓународното хуманитарно право претставува збир на правила, кои од хуманитарни причини, имаат за цел да ги лимитираат ефектите од вооружените конфликти. МХП ги заштитува лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата и ги ограничува средствата и методите на војување. МХП е исто така познато и уште како воено право или како право за вооружените конфликти. МХП е дел од Меѓународното право, кое всушност ги регулира односите меѓу државите. Меѓународното право се имплементира преку договорите помеѓу државите – спогодбите или конвенциите, преку обичајните правила, кои се базираат на успешните практики на државите овие правила да ги воведат како правно-обврзувачки, но и преку базичните принципи. МХП се применува при вооружените конфликти. Но, МХП не ја регулира ситуацијата, кога некоја држава може да употреби сила; ова е регулирано со значаен, но јасно дистинктиран дел од меѓународното право, кој е содржан во Повелбата на Обединетите Нации. Голем дел од МХП е содржано во четирите Женевски конвенции од 1949 год. Скоро секоја држава во светот ги има ратификувано и со тоа се има обврзано истите да ги почитува. Конвенциите, понатаму се доразвија и се дополнија со два дополнителни договори: Дополнителните Протоколи од 1977 год. за заштита на жртвите во вооружените конфликти. Други договори кои ја забрануваат употребата на одредени оружја и воени тактики и кои заштитуваат одредени категории на лица и добра:

- Конвенцијата за заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт, од 1954 година, плус двата дополнителни протоколи на истата;
- Конвенцијата за билошко оружје, од 1972 година;
- Конвенцијата за конвенционални оружја, од 1980 година и нејзините пет протоколи;
- Конвенцијата за хемиско оружје, од 1993 година;
- Конвенцијата од Отава за против-нагазни мини, од 1997 година;
- Факултативниот протокол на конвенцијата за заштита на правата на децата инволвирани во вооружен конфликт, од 2000 година.

Повеќе од 80% од правилата на МХП се содржани во меѓународни документи (конвенции, декларации, протоколи) кои државите што ги ратификувале имаат обврска во целост да ги почитуваат. Ниту една држава не може да се повика на своето внатрешно право како оправдување за неизвршување на меѓународен договор кој го прифатила и ратификувала. Останатите 20% од правилата на МХП се содржани во меѓународните обичаи кои настануваат со молчалива согласност на државите (Астеруд-Ристова, 2020) МХП се применува единствено при вооружени конфликти; не покрива внатрешни тензии или немири, како на пример, изолирани акти на насилство. Правото се применува само откако конфликтот отпочнал, и тоа подеднакво кон сите страни, без оглед на тоа кој прв ја почнал борбата. МХП врши јасна дистинкција помеѓу меѓународен и не-меѓународен вооружен конфликт. Меѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт во кој најмалку две држави се инволвирани. Тие се предмет на широк опсег на правна регулација, вклучувајќи ги и правилата опфатени во четирите Женевски конвенции и Дополнителниот Не-меѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт кој е ограничен на територијата на една држава, во кој се инволвирани или регуларни вооружени сили кои се борат против групи на вооружени дисиденти, или вооружени групи кои се борат меѓу себе. Многу полимитиран опсег од правила се применуваат при внатрешни вооружени конфликти и истите ја имаат својата основа во членот 3 кој што е заеднички за сите четири Женевски конвенции, како и Многу е битно да се врши диференцијација помеѓу Меѓународното хуманитарно право и Законот за човекови права. Иако одреден дел од правните правила и норми им се слични, овие две законски и правни гранки се развивале подеинечно и се содржат во различни договори и спогодби. Поконкретно, Законот за човекови права- за разлика од МХП- се применува во мирновремени услови, а многу од неговите норми можат да бидат суспендирани за време на вооружен конфликт. Она што исто така е особено важно да се истакне во воведот е дека принципите на МХП се применуваат дури и во случаеви кога една од државите кои што се во воен конфликт не го признава истиот или сеуште не се одвива на нејзината територија.

## 2. МЕТОДИ И МАТЕРИЈАЛИ

Во рамките на истражувањето направена е опсежно проучување на принципите и правилата на меѓународното хуманитарно право, особено на Женевските конвенции и дополнителни протоколи, но и практичната примена на истите како низ годините наназад, така и од гледиште на последните конфликти кои што се случуваат во Украина и на Блискиот Исток, поточно во Палестина. Се анализираа новинарски текстови, современите толкувања на воената регулација на меѓународните односи, но и реалните воени злосторства на кои што сите како граѓани сме сведоци, а кои што се вршат врз цивили, болни лица и деца кои што строго се забранети по секој основ, па дури и тоа да е дел само од обичајното право. Беа анализирани и консултирани и неколку различни научни трудови кои што го третираат и прашањето на злосторствата кои што се вршат врз жените и децата, а кои што по никој основ не се дозволени, а во рамките пак на т.н. “заеднички член 3“ на сите четири Женевски конвенции се споменуваат и инкриминирааат и сите “напади врз личното достоинство, особено понижувачки и деградирачки третман“ (Protocol additional to the Zeneva Conventions, 1949). Исто така низ истражувањето и анализата на Женевските конвенции е утврдено дека истите опфаќаат или упатуваат на т.н. “хиерархија на злостосрства“ кои што не само што ги опфаќаат меѓународните воени конфликти, туку и воените конфликти кои што може да се појават во рамките на една држава. Значаен исчекор во развојот на меѓународното хуманитарно и воено право е воспоставувањето на постојан меѓународен кривичен суд со надлежност да ги покрива најтешките казнено-правни деликти во воените конфликти, но низ анализата како и преку методот на компарација и преглед на досегашните судења особено на тие од војната во поранешна Југославија доаѓаме до резултати, а и заклучоци кои што не водат во насока на потребата од проширување на листата на опфатени злосторства, но и потребата од брза реакција на овој суд доколку би сакале да видиме поефективни и поефикасно одлуки кои што ќе доведат до создавање на нова пракса и зголемување на правната меѓународна регулатива која што задолжително ќе се почитува во воените конфликти барем кога станува збор за најранливите кои што и најмногу страдаат во воените дејствија, а тоа се обичните граѓани, жените, децата, ранливите слоеви од секое едно општество.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

По направената анализа најпрво беа утврдени основните принципи кои што го сочинуваат системот на меѓународното хуманитарно и воено право, а при тоа особено внимание во делот на нивното прекршување или непочитување предизвикуваат: **принцип на хуманост** – кој што подразбира почитување на човечкиот живот и достоинство, но и забрана за секаков вид на тортура и нехуман однос. Овој принцип во исто време ги обврзува завојуваните страни да прават разлика помеѓу цивилното население и припадниците на

вооружените сили, што речиси и воопшто да не се почитува, а особено не во последните конфликти во Украина и појасот Газа каде што сведоци бевме на бомбардирање и рушење на училишта, детски игралишта, болници, при што според податоците на Обединетите Нации само за период од 2 месеци, односно од февруари до април 2022 година бројот на деца кои што загинале изнесува 1.932 со предупредување дека оваа бројка може да биде и значително повисока. (ОН, април 2022 година); **принцип на пропорционалност** каде што се забранува изрично се забранува употреба на средства и методи на војување кои што предизвикуваат претерани страдања или повреди кај населението и да се употребуваат само средства и методи кои што се во функција на воената цел. Нападите со беспилотни летала, уништувањето на магацините со жито, недавањето на дозвола за извоз на жито, уништувањето на браната Краховка која што доведе до неконтролирани поплави на населени места во регионот се само дел од примерите за непочитување на овој принцип на пропорционалност во војната помеѓу Украина и Русија, додека пак копнената офанзива на Израел врз Палестина и појасот Газа, како и итното и несоодветно пренесување на болните од болницата во Газа е исто така пример на непочитување на принципот на пропорционалност. Секое непочитување на Меѓународното хуманитарно и воено право повлекува одговорност и кај државните и кај поединците, што пак резултира со основањето и на Меѓународниот кривичен суд и на меѓународните ад хок трибунали како што е тој за поранешна Југославија и тој за Руанда, но од друга страна исто така непобитен е фактот дека доследното спроведување на правните акти сепак првенствено зависи од посветеноста и соработката на националните јурисдикции, а дел од државите принципите на меѓународното хуманитарни право ги прифаќаат и како универзални декларации како што е на пример апсењето на поранешниот претседател на Чиле, Аугусто Пиноче од страна на Обединетото Кралство и Северна Ирска поради обвинението за тортура. Дури според дел од правните експерти треба да се оди и чекор понатаму особено во делот на превенцијата преку донесување на посебни закони и подзаконски акти кои што ќе ги дефинираат и санкционираат најтешките повреди на Меѓународното воено и хуманитарно право и кои што ќе бидат третирани како воено злосторства со максимална казна.

## 4. ДИСКУСИЈА

Доколку се погледнат резултатите добиени од анализата на последните воени конфликти кои што сеуште не се завршени може да се утврди дека оваа студија е усогласена и со претходните истражувања и студии кои што се правени на оваа тема, особено во деловите кои што упатуваат на непочитувањето на основните принципи на војување и на правните акти врз кои што се темели Меѓународното хуманитарно и воено право. Дополнително, Женевските конвенции предвидуваат и специјална заштита на одредени категории на цивили како на пример што се децата и жените. Анализирајќи ги досега завршените конфликти и формирањето на ад хок трибуналите за Руанда и поранешна Југославија, воспоставувањето на ваквите кривични судски инстанци претставува најзначаен пресврт во развојот на третманот на злостосторствата против жените и децата во вооружените конфликти со главна порака дека ваквите злосторства нема повеќе да бидат ингнорирани или неказнети од страна на меѓународните кривична правда. Сепак тоа не значи дека и натаму нема да има низа предизвици во зачувувањето и развивањето на ваквата судска пракса, а за тоа доволно говори и следниот црн биланс за една година од војната во Украина: - над 8 милиони бегалци од Украина низ Европа; - најмалку 7.000 украински цивили се убиени; - 9 милиони Украинци живеат без струја; - сексуалното насилство се користи како воено оружје; - околу 1000 здравствени установи се уништени или оштетени (Висок комесаријат за човекови права на ОН, 2023), а според УНИЦЕФ ваквите акти претставуваат "чин на несовесна суровост". Што се донесува пак на војната во појасот Газа според организацијата за човекови права Ал Хак со седиште во Рамала, на Западниот Брег, бројот на деца кои што се убиени само за 3 недели во појасот Газа е поголем од бројот на убиени деца од 2019 година до сега во сите вооружени судири низ светот, а Израел како една од страните во вооружениот конфликт сеуште нема добиено посериозна осуда или пак е повикана на било каква одговорност за прекршувањето на принципите на Меѓународното хуманитарно и воено право ниту пак за прекршувањето на правата на децата кои што се наведени од страна на Советот за безбедност на ОН.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Реалната состојба и случувањата во последните воени конфликти јасно упатуваат на заклучокот дека е потребно понатамошно унапредување и надополнување како на Женевските конвенции така и на Дополнителните протоколи, но и создавање на нова правна регулатива која што државите ќе бидат обврзани да ја почитуваат и применуваат. Злосторствата особено врз жените и децата и понатаму упатуваат на фактот дека досегашната правна заштита на истите како посебни категории на граѓани и цивили кои што треба да бидат изоставени од воените конфликти не се почитува, па иако сме длабоко навлезени во 21-виот век и

понатаму сведочиме на страдања кои што не би требало да се случуваат земјаќи ја во предвид модернизацијата на светот и јакнењето на свеста кај човештвото за негов напредок. И понатаму е потребно зацврстување на улогата на меѓународната кривична судска правда, но и зајакнување на нејзината примена во брз и ефикасен пат кој што во исто време ќе создава и позитивна пракса и најстрого казнување на воените злосторства против човештвото, а особено против цивилите и ранливите категории на граѓани. Имајќи ги во предвид современите видови на војувања, но и прекршувањето на основните човекови права на секој чекор, а особено на најранливите категории на граѓани, унапредувањето на корпусот на правни акти за заштита во воени конфликти, како и нивното почитување со оглед на примената на современите техники, методи и алатки на војување ќе станува се потешко и потешко, а во исто време не треба да се заборави и потребата од воспоставување на нов светски поредок кој што можеби и ќе воспостави систем на почитување и високо санкционирање на воените злостосртва со оглед на тоа што досегашното поставување и распоредување на светските сили за жал не успеа тоа да го постигне.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Андоновска-Каровска, Б., Јовановски З., & Кочишка-Поповска, В. (2019). Меѓународно Хуманитарно Право: Водич за дисеминатори, Црвен Крст на РСМ 88-99

Anadolu Ajansa; Gaza – a place where for the shortest period of time are killed a larger number of children; Link: https://www.aa.com.tr/mk/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82/%D0%B3%D0%B0%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%BE%D0%BA-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%BA-%D1%81%D0%B5-%D1%83%D0%B1%D0%B8%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%BC%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D1%83-%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0/3042556 Last visit: 18.11.2023

Астеруд-Ристова, К. (2020). Злосторствата против жените во вооружени конфликти-јуриспруденциски новели и перспективни предизвици

Bedont B., &Hall Martinez K. (1999). 'Ending impunity for Gender Crimes under International Criminal Court', The Brown Journal of World Affairs, Vol.VI, Issue I:65- 85

Borda, A.Z. (2013). ' The Direct and Indirect Approaches to Precedent in International Crimial Courts and Tribunals', Melbourne Journal of International Law, Vol. 14, 1-35

Reilly, N. (ed.). 'Testimonies of the Global Tribunal on Violations of Women's Human Rights at the United Nations World Conference on Human Rights, Vienna, June 1993, Center for Women's GlobalLeadership, http://www.nuigalway.ie/soc/documents/online_publications/reilly_tes timonies_1994.pdf

Вељановска, С.; Тунтевски, Н. (2022). Меѓународно судство, 87-122

Ѓорѓиев, Т.; Стоилковски, Г.; Применливоста на Меѓународното хуманитарно право во случај на нуклеарна војна, Правен факултет, УГД Штип, 819-822,

International Criminal Court – Crimes against humanity, Линк: https://www.icc-cpi.int/cases?f%5B0%5D=accused_crime_case%3A324&f%5B1%5D=accused_crime_case%3A328 Последна посета: 20.11.2023;

International Justice Resource Center, Key International Humanitarian law instruments, Link: https://ijrcenter.org/international-humanitarian-law/